Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 90, 15 октомври 2012 година

октомври 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во наставно-научната област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област/ поле економски науки и менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област/ поле туристичка политика на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........15

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по мултимедија" од авторите д-р Александра Милева и м-р Доне Стојанов, Факултетот за информатика, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Селекција и семепроизводство" од авторот доц. д-р Драгица Спасова, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........23

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало / скрипта „Вовед во џез теорија 1" од доцент м-р Сашо Поповски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........25

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало / скрипта „Вовед во џез теорија 2" од доцент м-р Сашо Поповски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........27

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........29

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ/ПОЛЕ ТУРИСТИЧКА ПОЛИТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2602-639/4 од 6 септември 2012 година донесена на 80. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 6 септември 2012 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област/поле туристичка политика на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Дневник” на 25 август 2012 год. и во предвидениот рок се пријавија кандидатите д-р Дејан Методијески, м-р Марина Илиевска, м-р Александар Величков и Антонија Лешева.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 7, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација и личното познавање на кандидатот, има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логитика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци на пријавените кандидати:***

**1. М-р Марина Илиевска** е родена на 7 август 1982 год. Дипломирала во 2004 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и се стекнала со звање дипломиран економист на групата Сметководство и резизија, со просечна оценка 7,90. Магистрирала во 2007 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и се стекнала со звање магистер на економски науки од областа на менаџмент во осигурувањето, со просечна оценка 9,5. Од приложената документација се заклучува дека кандидатката има одлука од Економскиот факултет во Скопје за изработка на докторска дисертација под наслов „Моделирање на актуарските елементи на животното осигурување со примена на матичната алгебра”. Има приложено копии од сертификати за посетување обуки од меѓународен карактер на теми “Business Plan Writing”, “Industry Analysis” и “Marketing Research Methodology” во 2005. Од приложеното сведителство за положени испити по странски јазик се потврдува дека кандидатката го има изучувано англискиот јазик. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката има работно искуство во: областа на сметководство и ревизија во домашна фирма; во САД во меѓународна корпорација и во Стопанска банка АД Скопје каде што сè уште ги извршува работните обврски. Посочена е листа на лица за препорака во насока на потврдување на наведените податоци, како и писмо за препорака од универзитетски професор. Истовремено, кандидатката има приложено само список на објавени научни и стручни трудови, без притоа да ги приложи истите. Од приложената документација се гледа дека кандидатката не се истакнува со наставно-образовна и научноистражувачка дејност од наставно-научната област/поле туристичка политика.

**2. М-р Александар Величков** е роден на 5 јуни 1981 год. Дипломирал во 2005 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и се стекнал со звање дипломиран економист на групата Финансиски менаџмент со просечна оценка 7,35. Магистрирал во 2010 год. на Економскиот факултет - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје и се стекнал со звање магистер на економски науки од областа на менаџмент во осигурувањето, со просечна оценка 9,63. Од приложеното свидетелство за положени испити по странски јазик се потврдува дека кандидатот го има

изучувано англискиот јазик. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатот има работно искуство во САД како студент на сезонска работа, во Халк банка АД Скопје и во Тутунска банка АД Скопје, каде што сè уште ги извршува работните обврски. Истовремено, кандидатот има приложено само список со еден објавен научен и стручен труд, без притоа да го приложи. Од приложената документација се гледа дека кандидатот не се истакнува со наставно-образовна и научноистражувачка дејност од наставно-научната област/поле туристичка политика.

**3. Андонија Лешева** е родена на 22 јуни 1985 год. Дипломирала во 2008 год. на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и се стекнала со звање дипломиран економист на групата Финансиски менаџмент, со просечна оценка 9,32. Од приложеното свидетелство за положени испити по странски јазик се потврдува дека кандидатката го има изучувано англискиот јазик. Во приложената биографија е нотирано дека кандидатката има работно искуство како финансиски известувач во „Арцелор Митал" во Скопје, а сè уште е на работна позиција стручен соработник за анализа и известување во „Тобако" АД Скопје. Како придружна документација е доставено писмо за препорака од менаџер на повисока позиција. Од приложената документација се гледа дека кандидатката не се истакнува со наставно-образовна и научноистражувачка дејност од наставно-научната област/поле туристичка политика.

**4. Д-р Дејан Методијески** е роден на 20 декември 1980 год. во Скопје. Средно угостителско училиште „Лазар Танев" завршува во Скопје. Високо образование завршува во 2004 година на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Софија, Република Бугарија, каде што се стекнува со стручен назив дипломиран туристички работник. Во 2005 година на истата институција ги завршува постдипломските магистерски студии и успешно ја брани својата магистерска теза на тема „Антропогените туристички вредности на Град Скопје, како можност за развој на културолошкиот туризам" и се стекнува со академски степен магистер по туризам. По завршувањето на студиите работи во туристичката агенција „Асја" (ул. Кеј 13 Ноември, Скопје), како менаџер на продажби до 2005 година. Од 2005 до 2008 година работи како менаџер во сопствениот кафе бар „Софија" (бул. К Јосифовски – Питу бр.26, лок. 4, Скопје). Во 2008 година, на Институтот за општествени и хуманистички науки „Евро Балкан" во Скопје пријавува докторска дисертација на тема „Руралниот туризам, креативните индустрии и улогата на руралната жена во можностите за нивното развивање и комерцијализација во Република Македонија", која е успешно одбранета на 15 февруари 2012 година, при што се стенува со научен степен доктор на науки по социолошки и родови студии. Во 2009 година на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје пријавува втора магистерска работа на тема „Урбаниот туризам и можности за негов развој во Република Македонија", која успешно ја брани на 28 април 2011 година и се стекнува со академско звање магистер на туризмолошки науки.

Во периодот од август 2008 година па до денес ги извршува работните задачи како соработник - асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Кандидатот во овој период е член на Комисијата за уписи, Комисијата за попис и др.

***Кандидатот активно учествува во наставно-образовната дејност преку:***

- подготвување на интерна и на рецензирана скрипта за предавања;
- изработка на презентации за предавањата;
- подготвување на интерен и рецензиран практикум за вежби;
- одржување на вежби по предметите: Патнички агенции, Хотелиерство, Термален (бањски) туризам, Економика на туризмот, Економика на угостителството, Маркетинг во угостителството, Ресторански менаџмент, Туристички дестинации, Културно наследство, Слободно време и алтернативен туризам, Технологија на послужување и готварство, Информативни системи во туризмот, Интернационална гастрономија;
- одржување на предавања при оправдано отсуство на предметниот наставник;
- организирање на теренска настава и посета на објекти кои се во интерес на студентите како: аеродромот „Александар Велики" во Скопје, Катлановската бања, Зоолошката градина во Скопје, Саем за туризам, Саем за логистика и Саем за храна во Скопје,

посета на Музејот на националноослободителната борба, Завод и музеј во Штип, Археолошкиот локалитет Скупи и др.;
- организирање и следење на практичната настава на студентите во земјава и во странство (Грција и Германија);
- предавање за студентите по покана на Балтик колеџ (Германија).

Во научноистражувачката дејност се афирмира преку учество и презентација на стручни трудови на конгреси, конференции, симпозиуми, семинари и отворени трибини во земјава и во странство. Исто така, учествува во неколку научни проекти и остварува студиски престој во странство:
- Студиски престој во Малта, поврзан со „Рурален туризам“, на Институтот за истражувања во туризмот, во склоп на ТЕМПУС IV Проект „Користење на локалните ресурси – одржлив агробизнис и туризам во земјите од јужен Балкан“, 2011 г.
- Презентација на Универзитетот „Гоце Делчев“ и Факултетот за туризам и бизнис логистика на Меѓународниот саем за образование во Адана – Турција, 2011 г.
- Обука за „Интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес“, УГД, Штип, 2011 г.
- Обуки за „Одржлив туризам“, на Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, во склоп на ТЕМПУС IV Проект–„Користење на локалните ресурси – одржлив агробизнис и туризам во земјите од јужен Балкан“, 2010 г.
- Изработка на проекти за погранична соработка по иницијатива –„Патеката на железната завеса“, помеѓу Република Македонија и Република Бугарија во Благоевград, 2010 г.
- Проект за „Регионален маркетинг на Источниот регион“ во Штип, организиран од GTZ и Источниот регион, 2010 г.

***Научни и стручни трудови***

1. **Методијески, Д.,** „Теорија на долгата опашка во функција на туризмот“, Годишен зборник бр.1, Економски факултет, УГД, Штип, 2009.
2. Ташков, Н., **Методијески, Д.,** „Спортскиот туризам во Штип - можности и перспективи“, Меѓународен конгрес за туризам, УТМ, Скопје, 2009.
3. Ташков, Н., Димитров, Н., **Методијески, Д.,** „Националната гастрономија како дел од туристичката понуда во Република Македонија“, Меѓународен симпозиум за етнологија, Македонско етнолошко друштво, Штип, 2010.
4. Ташков, Н., **Методијески, Д.,** „Биолошката разновидност како мотив за привлекување на туристи во бањските центри во Република Македонија“, Меѓународен ден на туризмот, Ќустендил, Бугарија, 2010.
5. Taskov, N., **Metodijeski, D.,** „Higher education in tourism, hospitality, and gastronomy an answer to the need for professional staff in this area in Macedonia“, EU-CEI, Bansko, Bulgaria, 2010.
6. Ташков, Н., **Методијески, Д.,** Санева, Д., „Туризмот – можност за развој на градовите“, IV Конгрес на географите, Дојран, 2010.
7. Taskov, N., **Metodijeski, D.,** „Guerilla marketing in hotel business“, International conference - Problems and prospects of economy innovative development, Uman, Ukraine, 2010.
8. Taskov, N., **Metodijeski, D.,** „Opportunities for development of rural tourism in Berovo Municipality“, II Kongres geografa Srbije – Na putu ka Evropi, Novi Sad, Serbia, 2010.
9. Taskov, N., Dimitrov, N., **Metodijeski, D.,** „Rural regions with developed manifestation tourism in Republic of Macedonia“, Scientific conference with international participation, Plovdiv, Bulgaria, 2010.
10. Taskov, N., **Metodijeski, D.,** Dzaleva, T., Filiposki, O., „Entrepreneurship in tourism industry lead to business benefits“, International Scientific Congress, UTM, Skopje, 2011.
11. Taskov, N., **Metodijeski, D.,** Dzaleva, T., Filiposki, O., „Rural tourism: an opportunity for rural development in Republic of Macedonia“, International Scientific Conference, Tirana, Albania, 2011.
12. Taskov, N., **Metodijeski, D.,** Dzaleva, T., Filiposki, O., „Thermal-spa tourism in Republic of Macedonia“, Challenges and performance of post socialist tourism in Central Eastern European Countries, Bucharest, Romania, 2011.

13. Taskov, N., Dzaleva, T., **Metodijeski, D.,** Ilievski, A., „Tourism policy and place image - challenges and performance”, Challenges and performance of post socialist tourism in Central Eastern European Countries, Bucharest, Romania, 2011.
14. Dzaleva, T., Taskov, N., **Metodijeski, D.,** „Strategic thinking and management elements for strategic execution positively affect on business performance, 7th May Conference on strategic management, Zajecar, Serbia, 2011.
15. Taskov, N., Dzaleva, T., **Metodijeski, D.,** „Tourism policy, place image and planning for investments“, Contemporary Trends in Tourism and Hospitality, Novi Sad, Serbia, 2011
16. Popova, S., Taskov, N., **Metodijeski, D.,** Stojanova, M., Angelova, E., Popov, S., „Agro ecological conditions for viticulture development in Gevgelija region“, 16th International Symposium on biotechnology, Cacak, Serbia, 2011.
17. Taskov, N., Dzaleva, T., **Metodijeski, D.,** „Tourism policy, place image and planning for investments“, Contemporary Trends in Tourism and Hospitality, Novi Sad , Serbia, 2011.
18. Taskov, N., Dzaleva, T., **Metodijeski, D.,** „Tourism development strategy and planning for investments“, 14th Contemporary trends in tourism and hospitality Via Danube, the main street of Europe, Serbia, 2011.
19. Taskov, N., Filiposki, O.,Dzaleva, T., **Metodijeski, D.,** „Управление на качеството в застрахователните дружества“, Конференција - 75 години Академија Ценов, Свиштов, Бугарија, 2011.
20. Taskov, N., Dzaleva, T., **Metodijeski, D.,** Filiposki, O., „Innovation at tourism business: challenges and creativity for development“, Service sector in terms of changing environment, Ohrid, 2011.
21. Taskov, N., Dimitrov, N.,T., **Metodijeski, D.,** „Collecting - from hobby to profession, from private ownership to tourism offer, from black market to legal activity“, Service sector in terms of changing environment, Ohrid, 2011.
22. Филипоски, О., Ташков, Н., **Методијески, Д.,** Темелков, З., „Комуникациски вештини-предуслов за подобри предавања“, Трет научно-стручен собир со меѓународно учество на тема „Образованието во 21 век“- можности и предизвици, МНД, Битола, 2011.
23. Ташков, Н., **Методијески, Д.,** „Практикум по термален туризам“, УГД, Штип, 2011.
24. Ташков, Н., **Методијески, Д.,** „Скрипта по хотелиерство“, УГД, Штип, 2012.

Во стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност зема активно учество во седниците на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

Кандидатот одлично го говори англискиот јазик, а има и солидни познавања од германскиот и францускиот јазик. Тој е овластен судски преведувач од бугарски на македонски јазик и обратно при Основен суд Скопје II, Скопје, од 2006 година. Член е на: Советот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија; Здружението на туристички водичи на Република Македонија - поседува легитимација за туристички водич бр.192; Туристичката комора на Република Македонија; Здружението на гастрономи – Гастроарт и Балканската асоцијација за алтернативен туризам - БААТ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Дејан Методијески ги исполнува сите законски критериуми за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за да биде избран за доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатот има соодветно образование и се афирмира преку наставно - образовна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност.
Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика **да го избере д-р Дејан Методијески за доцент во наставно-научната област/поле–туристичка политика на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Науме Мариноски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Никола Димитров, доцент, с.р.**
**Д-р Златко Јаковлев, доцент, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Дејан Методијески, доцент по туристичка политика, според критериумите за избор во звање на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| Наставно - образовна дејност | | | | |
| 1. | Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум | 2*8 | | 16 |
| 2. | Интерна скрипта од предавања | 1*4 | | 4 |
| 3. | Интерна скрипта од вежби | 1*2 | | 2 |
| 4. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 60*0.2 | | 12 |
| | Вкупно: | **34** | | |
| Ред број | Вид активност | Поени | | |
| | | во земјата | во странство | |
| Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | | | | |
| 1. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство (бр. 1, 2, 3, 6, 10, 20, 21, 22) и (бр. 4, 5, 7, 8, 9, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 18, 19, 22) | 8*1,5 | 14*2 | 40 |
| 2. | Одржано предавање по покана на научна институција, музички настап на официјален концерт | | 1*3 | 3 |
| 3. | Одбранета докторска теза | 1*8 | | 8 |
| 4. | Одбранета магистерска работа | 1*4 | 1*4 | 8 |
| 5. | Учесник во научен проект | 1*2 | 2*3 | 8 |
| 6. | Студиски престој во странство | | 1*8 | 8 |
| | Вкупно: | **75** | | |
| Ред број | Вид активност | Поени | | |
| | | во земјата | во странство | |
| Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | | | | |
| 1. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на стручен собир (бр. 1, 2, 6, 10, 22) и (бр. 9, 11, 16, 19) | 5*2 | 4*3 | 23 |
| 2. | Стручни награди и признанија | 2*4 | | 8 |
| 3. | Член на универзитетски или владини тела | 1*5 | | 5 |
| 4. | Член на факултетски орган, комисија | 3*2 | | 6 |
| | Вкупно: | **42** | | |
| | Вкупно: | **151** | | |